# Важни насоки и подготвителни активности

## за електронското полагање

## Основни технички барања

- **Компјутер со функционална камера и микрофон** (доколку употребувате преносносен компјутер да биде вклучен на полнач **во струја**).

- **Мобилен телефон со функционална предна камера** (да биде вклучен на полнач - **во струја**).
- **Индекс**
- Употреба на слушалки за време на полагањето е **забранета**.

# Софтверски прилагодувања на вашиот компјутер 1/2

- Употребувајте исклучиво пребарувач Google Chrome или Microsoft Edge.

- 
- Доколку немате инсталирано на вашиот PC во продолжение имате линк за инсталација: https://www.google.com/chrome

**Важно**: Сите апликации мора да бидат исклучени, единствена апликација која треба да биде вклучена е Google Chrome или Microsoft Edge.

# Софтверски прилагодувања на вашиот компјутер 2/2

- 
- Секој студент задолжително мора да има инсталирано Safe Exam Browser.
- Доколку употребувате windows уред, директен линк за инсталација на Safe Exam Browser (SEB):
- https://sourceforge.net/projects/seb/files/latest/download
- Оперативниот систем Linux не е поддржан.

Доколку употребувате macOS уред, директен линк за инсталација на Safe Exam Browser (SEB): https://sourceforge.net/projects/seb/files/seb-macosx/seb_macos_3.0/SafeExamBrowser-3.0.dmg/download

•

# Важна напомена за инсталацијата на SEB

- Откако ќе го **симнете** софтверот SEB, мора да го отворите и да го **инсталирате** со помош на дадените опции.

- Вообичаено тоа е Run, Next, Finish.

SEB инсталационата датотека можете да ја најдете директно како прозорец на долниот лев агол од екранот или во самиот PC во ***Downloads***.

# Софтверски прилагодувања на мобилен телефон

- Секој студент на мобилниот телефон мора да ја има инсталирано апликацијата **Google Meet**.
- При тоа на **Google Meet** најавете се преку вашиот **приватен mail** (не преку eccf.ukim.mk mail)
- Мора да има функционална, предна камера.

- Звукот на мобилниот телефон треба да биде исклучен, ако тоа не е можно, тогаш звукот треба да биде ставен на минимум.

# Активирање на полагањето на PC

- Секој студент на компјутерот потребано е да го употребува

**Microsoft teams преку Google Chrome или Microsoft Edge**, а не преку Microsoft Teams апликацијата.

- **За да го направите тоа следете ги следниве чекори**:

1) Отворете го Google Chrome;

2) Во address bar напишете **teams.microsoft.com**

- 

3) Потоа во **Sign in** внесете го вашиот eccf.ukim.mk (email и password);

4) Кога ќе ве праша дали да ја користите Microsoft Teams app или "Use the web app instead". Изберете "**Use the web app instead**";

5) Вклучете се на тимот каде ќе се одржи испитот; (кодовите за тимовите ви се објавени на веб страната на Економски факултет – Скопје каде што се објавени списоците)

6) Вклучете се на состанокот;

7) Камерата и микрофонот треба да Ви се вклучени на компјутерот.

# Активирање на полагањето на мобилниот

- Откако сте влегле на состанокот на **Microsoft teams** на кој ќе се полага, професорот/демонстраторот ќе ви го каже кодот со кој треба да се најавите на **Google Meet.**

- Внесете го кодот во **Google Meet** апликацијата.
- Оставете ја **камерата вклучена и исклучете го микрофонот** (звукот веќе треба да ви е на минимум или исклучен).
- Сега позиционирајте го мобилниот. Мобилниот треба да е позициониран над студентот од десна или лева страна на студентот и да дава преглед на компјутерот и што има пред него (како на фотографијата).
- Пред да почне испитот тестирајте ја поставеноста на телефонот и дали дава преглед како на сликата

# Започнување на испитот

- На камерата од компјутерот покажете го вашиот **индекс**, на страната каде е сликата и вашето име и презиме.
- Во **Google Chrome** во address bar напишете **www.exam.net**
- На средината на екранот пишува **Student**, во **Enter exam key** напишете го **кодот** кој ќе ви го даде професорот/демонстраторот. Кликнете **next**.
- Изберете ја опцијата **Launch SEB** (доколку не може да се активира SEB- којшто претходно го имате инсталирано, исклучете ја антивирус програмата на вашиот компјутер).
- Доколку ви бара пак да го напишете **кодот**, повторно внесете го.
-

Професорот/демонстраторот ќе го каже повторно.

- Внесете го вашиот **број на индекс**.

- Испитот е веќе почнат и **не смеете да го напуштите или да се обидете да користите други уреди или пак да отварате друга страна/апликација на компјутерот**.

- **Доколку не ги почитувате правилата професорот/демонстраторот ќе ве отстрани од испитот.**

# Завршување на испитот

- За да го завршите испитот и да ги поднесете одговорите кликнете на **Submit**.
- Испитот е завршен.
- Ако еднаш кликнете на **Submit** веќе не може да се враќате на тестот.